# ИДЕЕН ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА КУЌАТА НА НАУМЕ ВЕСЛИЕВСКИ ОВЧАРОТ ВО СПОМЕН ДОМ НА БИТОЛСКО-ПРЕСПАНСКИОТ НОП ОДРЕД " ДАМЕ ГРУЕВ" И НЕГОВИОТ КОМАНДАНТ-ОВЧАРОТ"

## I. НАМЕНА НА СПОМЕН ДОМОТ

Куќата на Науме Веслиевски-Овчарот се наоѓа во с.Златари на оддалеченост од градот Ресен на околу 6 км. Таа е типично македонска со стара селска архитектура. Со согласност и без надоместок истата е одстапена на располагање на Собранието на општината Ресен. Куќата е градена од цврст материјал, а составена е од приземје со предсобје и 3 простории и кат со предсобје во функција на чардак и две простории.

Со реконструкција и адаптацијата куќата ќе биде наменета во Спомен дом На Битолско-преспанскиот НОП одред "Даме Пруев" и неговиот командант Науме Веслиевски-Овчарот,прв објект со таква функција во нашава Република.

## II. Краток историјат за одредот и неговиот командант

Еден од крупните настани во НОВ и Социјалистичката револуција во Преспа и Битола е формирањето на Битолско-преспанскиот НОП одред Даме Груев".Формиран е на 6 јули 1942 година во месноста "Синедолско кладенче" на планината Бигла во непосредна близина на с.Златари. Неговото формирање беше како резултат на широката активност на КПЈ во мобилизирањето на масите во борбата против германските,италијанските и бугарските фашистички окупатори и домашните предавници, за извојување на национална и социјална слобода.Од неговото формирање се до крајот на НОВ,одредот низ разни форми на дејствување изведуваше бројни борбено-политички активности,што преставуваа дел од борбата на Југословенските народи и народности предводени од КПЈ и другарот Тито.

Својот борбен поход одредот го започна со нападот и ослободувањето на с.Смилево на 2 август 1942 година.Со изведувањето на однапред припремената акција им се оневозможи на бугарските фашистички окупатори да го валкаат споменот на Илинден.

Од тогаш се редеа бројни акции.Одредот дејствуваше на едно широко подрачје и со своето егзистирање и акции политички влиаеше кај народот со што овозможуваше постојан прилив на нови борци од сите средини. Од посебна важност во 1942 година се политичките аспекти на вооружените судири со бугарските окупаторски сили во с.Кажани и с. Сопотско.Ефектот од нив беше силниот одјек во народот, а бугарската војска и полиција бесно се нафрлија на народот во реонот каде што дејствуваше одредот. И покрај тие тешки моменти одредот успеа да се одржи со помоќ на цврсто организираната партиска организација и народот во Преспа.

Во тешката зима 1942 година одредот по групи се префарли на територијата на Преспа под италијанска окупација.По формирањето на првиот легален НОО во с.Коњско-како прв орган на народната власт во Преспа,одредот во првата половина на 1943 година успешно дејствува на територијата во македонските села во Албанија и Леринско-костурскиот крај / егејскиот дел од Македонија/.Од неговиот состав израснаа нови партизански одреди / Одредот Гоце Делчев,Преспанско-

от и чисто преспанскиот НОП одред), а по примањето на првото борбено знаме на Галичица на 17 јулу 1943 година главнината на овој одред заминува за Дебарца каде што развива широка борбено-политичка активност. Од овој одред и борците од други одреди се формира првата регуларна воена единица на македонскиот народ баталјонот "Мирче Ацев" чие раководство го сочинуваа претежно борците од овој одред.

Од борците на Преспанскиот партизански одред и Гоце Делчев како и од ново придојдените борци формиран е баталјонот "Стив Наумов", оставајки јадро за формирање на нов одред во Преспа- кој продолжува со натамошни акции.

Одредот Даме Груев стана една од најзаслужните народноослободителни воени единици за разгорот на НОВ во Македонија.Тој беше цврсто организирана единица,изведе бројни борбени акции,од неа израснаа нови воени единици, на кој начин ја остваруваше својата историска улога.

Посебно место во историјата на одредотво неговиот борбен пат во НОВ и Социјалистичката револуција во Преспа и Македонија,зазема Н.Веслиевски-Овчарот,кој што од заменик командан ххххххххизрасна во командант на одредот,командант на баталјоните Мирче Ацев и Стив Наумов,заменик командант на бригада и командант на дивизија.Овие единици му нанесуваа тежок пораз на окупаторите и домашните предавници во сите битки во кои раководеше овој бескомпромисен војсководач и воен командант.

III. ФУНКЦИЈА НА КУЌАТА

Со реконструкцијата и адаптацијата на оваа куќа во Спомен дом ќе се создаде еден континуиран комплес на споменични одбележувања во с.Златари за периодот на Илинденското востание и НОВ.Истовремено ќе се овозможи збогатување и продолжување на традицијата на празнување и поврзаност на четврти јули денот на борецот и шести јули денот на формирањето на одредот.

Спомен домот трајно ќе го симболизира револуционерното дело на одредот и неговиот командант,како и револуционерните настани од поблиското историско минато на Преспа.Неговото отварање ќе биде во духот на негувањето на револуционерните традиции и воспитувањето на младите генерации со херојските подвизи на борците од овој одред на разните бојшта ширум нашата земја. Со посетите на овој дом не само што ќе се врши евоцирање и пренесување на славните денови од нашето поблиско минато,туку тоа ќе биде прилика да се укаже на тесната поврзаност на оружената револуција со сегашната борба за понатамошно зацврстување на братството и единството и развојот на социјалистичкото самоуправбо општество.

Согледувајки ја важноста на овој објект неодложно се наметнува потребата, во реализирањето на оваа значајна општествена задача да се даде соодветна помош од сите општествени сили во Општината и надвор од неа,со посебно вклучување на ОО на СЗБ од НОВ Битола и други структури.

IV. УРЕДУВАЊЕ НА СПОМЕН ДОМОТ

При уредувањето куќата треба да биде хронологија на револуционерниот пат на одредот и неговиот командант, со, што ќе го добие своето право место како споменик на културата.

Просториите на приземјето ќе бидат уредени на следниот начин:

а). Првата просторија лево од предсобјето ќе биде прилагодена за излагање на експонати-лична опрема на Науме Веслиевски Овчарот,документи и фотографии од неговиот животен и револуционерен пат, како и сопствената библиотека.

б). Во двете останати простории ќе бидат изложени етнолошки експонати од секојдневието на семејството Веслиевци,со застапување на стари и типични предмети кои ги користеле и останатите жители на селото. По можност при адаптацијата една од просториите би била наменета за одржување на историски часови.

в).Во двете простории на катот ке биде изложена содржинско-експозициона поставка посветена на Битолско-преспанскиот НОП одред "Даме Груев",презентирана со фотографии,документи,експонати и пригодни текстови.За таа цел ке биде изработен содржинско-експозиционен план, по комплетирањето на документацијата и внатрешното опремување со паноа продолжени витрини и друга п требна опрема.

V. ЗА реализација на идејниов план потребно е да се изведат следните активности:

1. Реконструкција на куќата према изработената техничка документација

2.Докомплетирање на постојната документација за одредот, со истражувачка активност во архивско-музејските институции и прибирање на материјали од преживеаните учесници на оадредоти другу лица.
 - прибирање на етнолошки материјали

3. Изработка на план за потребната музејска опрема/ паноа,витрини) и нивнио набавување
4. Уредување на дворната површина / хортикуларно и изработка на уводниот дел за спомен домот со симболично одбележување на денотна формирањето на Одредот- по пат на столбчиња со име и презиме на сите 17 борци.)

5. Ставање на куќата под заштита на Закон

6. Обезбедување на финансиски средства према изработените финасиски планови/ за реконструкција, внатрешно опремување со музејска опрема, прибирачката активност и техничкото изведување на експозицијата).

април 1984 год. ~~Идејниот план го изработил,~~
~~Историчар Киче Јанкуловски~~